**Контролен преглед – закажување и реализација**

| | |
|---|---|
| Назив на процедурата: | **Контролен преглед – закажување и реализација** |
| ЗУ во кои се применува: | **Примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита** |

## I. Опис на процедурата

Оваа процедура се применува во случај кога за прегледот кој се врши кај лекар специјалист или субспецијалист има потреба од дополнителен контролен преглед после одреден временски период. При првичниот преглед лекарот специјалист или субспецијалист е должен да назначи дека е потребно да се изврши контролен преглед и да го избере периодот (бројот на денови) во кои е потребно прегледот да се изврши. Во зависност од избраниот период (број на денови), се постапува на следниот начин:

**A. Контролен преглед во период помал од 30 дена од првичниот преглед:**

За овој вид на контролен преглед не е потребно електронско закажување и не е потребен нов упат. Одредувањето на термини за контролни прегледи го прави лекарот или назначено лице во установата (оператор), согласно правилата кои се поставени на ниво на установа или тим. Терминот за контрола на пациентот му се соопштува усно, а истиот е дел од извештајот кој се креира при прегледот. Тој термин, во **Времето за прием** на лекарот не треба да биде претходно дефиниран како термин за прв преглед.

**Преглед:**

1. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) во во системот Мој Термин во делот **Прием на пациенти,** во прозорчето за пребарување се пребарува пациентот според ЕМБГ, ЕЗБО, име или презиме.
2. Пациентот за кој е дозволено да се изврши контролен преглед, во листата од пребарувањето ќе се појави со ознака **Контрола**.
3. Се избира пациентот и со тоа тој се внесува во листата н апациенти во медицинскиот дневник.
4. Се извршува прегледот и се внесуваат сите податоци кои се вообичаени за преглед.

**B. Контролен преглед во период поголем од 30 дена од првичниот преглед:**

За овој вид на контролен преглед потребно е електронско закажување и потребен е нов упат.
Нов упат и закажување на термин за контролен преглед над 30 дена може да биде извршено на два начини:

1. Од страна на лекарот специјалист или субспецијалист.

Во овој случај лекарот специјалист/субспецијалист или назначено лице во установата (оператор), креира нов упат и врши закажување на термин за контролен преглед за време на првичниот преглед. За таа цел, лекарот мора претходно да има одредено термини во своето **Време за прием** кои ги дефинирал како **Контролен преглед.** Во овој случај упатот за следнит преглед (контролниот) се креира електронски кај лекарот специјалист/субспецијалист и истиот може да биде испечатен веднаш или дополнително кај матичниот лекар. Во секој случај, хартиениот упат задолжително се заверува кај матичниот лекар.

2. Од страна на матичен лекар.

Постапката е иста како при креирање на вообичаен упат и како вообичаено електронско закажување.